# ЕДНОДНЕВНА ПОСЕТА НА КРУШЕВО

Во пазувите на Бушева планина, заобиколен со густа шума, на надморска височина од 1250 метри, се наоѓа еден од најстарите и најубавите градови во Македонија, Крушево.За градската историја и култура и денес сведочат типичната архитектура на градот, градбата на старите куќи, носиите и културното наследство. Се верува дека градот датира од далечниот XV век, со првите влашки доселеници од Москополе. Во градот Крушево денес постојат 12 маала: Влашко, Таше, Струнга, Буша, Арбинеш, Коку, Мијачко Маало, Горно Маало, Крстот, Матак, Череш и Ѓупско Маало.

Крушево лежи на западниот планински раб на Битолско-прилепската Котлина, во изворишниот плиток долински дел на Крушевска Река. Оваа река го дели градот на два дела: поголем на левата и помал на десната страна. Куќите во градот се поставени како амфитеатар. Градот Крушево поради поволните климатски, географски, историско-културни специфики од поодамна се смета за туристички центар со повеќе туристички капацитети, особено како зимски туристички центар. Крушево е идеално и во лето, кога сакате да избегате од горештините во градот. Ќе уживате во прошетките околу езерото, по планината ќе уживате во тишина и, што е најважно, ќе дишете чист воздух.

Крушево е град полн со знаменитости, во кој има навистина што да се види.Почнувајќи од споменикот Илинден (Македониум), споменикот „Мечкин Камен”, музејот на НОВ**,** музејот на Илинденското востание и Крушевската Република, споменикот на „Слива“, леарницата за куршуми за време на Илинденското востание,спомен куќата и галеријата со слики на македонскиот сликар Никола Мартиноски, како и неизоставната спомен куќа изградена во чест на балканската ѕвезда Тоше Проески.

Она што ќе го заокружи севкупниот впечаток за овој град е дегустацијата на надалеку познатите крушевски специјалитети послужени во топлиот амбиент на етно гостилницата Крушевска одаја, сместена на одлична локација на Гумење, зад спомен куќата на Тоше Проески, со прекрасен поглед на крушевската околија.

Тргнување кон Скопје во попладневните часови.

| **ЦЕНА НА АРАНЖМАНОТ:** |
|---|
| **1.100,00 ДЕНАРИ / АВТОБУС** |
| **1.250,00 ДЕНАРИ / МИНИБУС** |

АПЕКС ФОР ДООЕЛ Скопје
Ул. 11 Октомври бр. 17, 1000 Скопје, Македонија
Тел/факс: ++ 389 2 246 50 58  м: ++ 389 75 46 99 58;  ++389 76 49 09 74
apexfour@gmail.com    www.apex4travel.mk
Лиценца А

Во цената на аранжманот е вклучено:

∗ Превоз на наведената релација со туристички автобус/минибус
∗ Организација и реализација на патувањето
∗ Дегустација на крушевски специјалитети во етно гостилница Крушевска одаја, вклучително:
- зелена салата;
- предјадење (питулици со лук);
- главно јадење (чомлек - познат крушевски специјалитет подготвен од кромид, суви сливи, праз, телешко месо и додатоци);
- десерт (слатко од малини и целувка);
- 1 пијалок по избор (газиран и негазиран сок, газирана и негазирана вода,бело и црвено наливно вино, пиво, ракија)

АПЕКС ФОР ДООЕЛ Скопје
Ул. 11 Октомври бр. 17, 1000 Скопје, Македонија
Тел/факс: ++ 389 2 246 50 58 м: ++ 389 75 46 99 58; ++389 76 49 09 74
apexfour@gmail.com www.apex4travel.mk
Лиценца А